20251933948

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4862/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 70/1994, 62/1995, 33/1997, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/19), во членот 3-б зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

„Стапката на пораст од членот 3 став 1 од овој закон, ја утврдува Министерството за економија и труд и ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.“

Член 3

Во член 11 во ставот 1 зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 4

Во член 12-а во ставот 6 зборовите: „Министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за економија и труд”.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.